РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Приватна високообразовна установа
УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ
Бр. 07-433/5
03.07.2013 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 9-б и член 23 од Законот за заштита на личните податоци (Сл. Весник на РМ 7/05, 103/08 и 124/10 ) и одредбите од Правилникот за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработка на личните податоци ( “Сл. весник на РМ” бр 38/09 и 124/10) и Правилникот за содржината и формата на актот за начинот на вршење на видео надзор ( “Сл. Весник на РМ” бр. 158/10 ) како и член 5 од Правилникот за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработка на личните податоци на Универзитетот бр. 07-433/4 од 03.07.2013, Универзитетскиот Сенат на 03.07.2013 г. донесе

# ПРАВИЛНИК

## за начинот на вршење на видео надзор на Универзитетот Американ Колеџ Скопје

Член 1

Со овој Правилник се уредува начинот на вршење на видео надзор во просториите на Универзитетот Американ Колеџ Скопје – Скопје (во натамошниот текст: Универзитет).

Член 2

Универзитетот врши видео надзор во неговите деловни простории заради остварување на следните цели :
- Заштита на животот и здравјето на вработените,
- Заштита на безбедноста на студентите, странките и други посетители,
- Заштита на сопственоста на Универзитетот,
- Обезбедување контрола над влегувањето и излегувањето од службените простории на Универзитетот.

Член 3

Системот на видео надзор во објект на Универзитетот, служи за унапредување на безбедноста на студентите, вработените и самиот објект како и за да обезбеди видео материјал кој ќе послужи за видео аналитика на несакани настани и инциденти во објектот.

Видео надзорот се врши со опрема за видео надзор која опфаќа: камери, монитор и дигитален видео рекордер. Системот за видео надзор е поставен да снима 24 часа на ден.

Системот за видео надзор се организира од една централна компјутерска единица за видео надзор лоцирана во приемното одделение ( front desk ) преку посебна софтверска апликација за видео надзор.

Пристапот во системот за видео надзор за преглед на видео материјал и негов запис е заштитен со корисничко име и лозинка.

Секое логирање на корисник како и вадење на запис на друг медиум ( исклучиво со налог од Министертвото за внатрешни работи) се запишува автоматски во посебен документ на настани (event log) во самиот уред ( DVR) кој служи за дополнителна анализа на настани.

Планот кој покажува каде е поставена видео опремата е составен дел на овој Правилник. ( Прилог 1)

Член 4

Директорот на Универзитетот овластува лица одговорни за вршење на видео надзорот и прегледување на снимките од видео надзорот.
Лицата од став 1 од овој член потпишуваат изјава за тајност и заштита на обработката на личните податоци преку системот за вршење на видео надзор, која е составен дел на овој Правилник. (Прилог 2)

Лицата од став еден од овој член должни се да постапуваат согласно упатствата добиени од страна на Универзитетот како контролор

Член 5

За пристапот и увидот во личните податоци обработени преку системот за вршење на видео надзор, Универзитетот води Евиденција која е составен дел на овој Правилник ( Прилог 3 )

Евиденцијата од став 1 од овој член ги содржи следните податоци : име и презиме на овластеното лице, датум и време на пристапување, цел на пристапување, датум и час на направената снимка кон која се пристапува, датум време назив и седиште на корисникот на кого му е дадена снимката од видео надзорот, вид на медиумот на кој е содржана снимката од видео надзорот.

Член 6

За вршењето на видео надзор во деловните простории, навремено се известуваат сите вработени и студентите.

На местата каде се врши видео надзор истакнато е известување.(Прилог 4)

Известувањето од став 2 од овој член ги содржи следните информации :
- дека се врши видео надзор
- кој го врши надзорот
- за начинот на кој може да се добијат информации за тоа каде и колку време се чуваат снимките од системот за видео надзор.

Член 7

Снимките направени при вршење на видео надзор се чуваат до една недела , а најмногу 30 дена од денот на кој е извршен видео надзорот , по што веднаш се бришат од страна на овластените лица задолжени за прегледување на истите.
Забранeто е ставање на видео снимките на било каков медиум и користење на истите, освен за потребите на Министерството за внатрешни работи врз основа на писмено барање .

Член 8

Универзитетот како контролор врши периодична оценка за постигнатите резултати од системот за вршење видео надзор на секои две години, а особено за:

- понатамошна потреба од користење на системот за вршење видео надзор
- целите за вршење видео надзор
- можните технички решенија за замена на системот на вршење на видео надзор.

Од извршената контрола од став еден од овој член, контролорот изработува извештај кој е составен дел на документацијата за воспоставување на системот за вршење на видео надзор.

Во извештајот од став два од овој член се внесуваат и статистички показатели за пристапот до снимките направени при вршење на видео надзорот, како и начинот на искористување на снимките.

Член 9

Одредбите од овој Правилник се применуваат на сите организациони единици во рамките на Универзитетот.

Член 10

За сите останати случаи кои не се регулирани со овој Правилник важат одредбите од Законот за заштита на личните податоци ( Сл. весник на РМ бр. 07/05, 103/08 и 124/10) како и соодветните подзаконски акти од истиот.

Член 11

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето.

Универзитетски Сенат

Ректор

Проф. д-р Марјан Бојаџиев

Видео надзорот се врши со опрема за видео надзор која опфаќа : камери, монитор и дигитален видео рекордер.

Системот за видео надзор е поставен да снима 24 часа на ден.

Системот за видео надзор се организира од една централна компјутерска единица за видео надзор лоциран  во приемното одделение ( front desk ) .

СИСТЕМОТ ЗА ВИДЕО НАДЗОР Е ЗАШТИТЕН СО ЛОЗИНКА.

**План каде е поставена  видео опремата  :**

Камера бр. 1  - Скали   кат 1

Камера бр. 2 – Скали   кат 2

Камера бр. 3 –  Ходник  скали пред кафетерија -  кат 4

Камера бр. 4  - Ходник  - кафетерија

Камера бр. 5 –  Ходник  кат 2

Камера бр. 6 –  Ходник  кат 3

Камера бр. 7 –  ходник – фронт деск

Камера бр. 8  -  Исклучена

Камера бр. 9 –  Ходник  - кат  2 - лаборатории

Камера бр. 10 – Исклучена

Камера бр. 11 –  Ходник  кат 4 – архитектура

Камера бр. 12 – Скали кат 2 - исток

Камера бр. 13 – Скали  кат 3 - исток

Камера бр. 14 – Исклучена

Камера бр. 15 –  Влез кат 5 – исток

Камера бр. 16 – Надворешен влез – исток (бифе приземје)

Прилог 1

Врз основа на одредбите на Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на РМ“ бр. 7/05, 103/08 и 124/10) на ден ____________ , ја давам следната

**И З Ј А В А**

**за тајност и заштита на обработката на личните податоци преку**

**системот за вршење на видео надзор**

Јас, ......................................................................................................., вработен како
(име и презиме)

................................................ во Универзитетот Американ Колеџ Скопје, согласно
(работно место)

Правилникот за начинот на вршење на видео надзор на Универзитетот Американ Колеџ Скопје, се обврзувам дека :

- ќе ги применувам начелата за заштита на личните податоци при вршење на видео надзорот;
- ќе ги применувам техничките и организационите мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци и ќе ги чувам како доверливи личните податоци, како и мерките за нивна заштита;
- ќе ги применувам техничките и организационите мерки за пристап и увид до личните податоци обработени преку системот за вршење на видео надзор, со кој се оневозможува неовластен и неевидентиран пристап и увид до снимките од системот за видео надзор;
- ќе вршам обработка на личните податоци согласно упатствата добиени од контролорот;
- на трети лица надвор од контролорот и на други лица од контролорот нема да издавам каков било личен податок од снимките на видео надзорот или каков било друг личен податок кој ми е достапен и кој сум го дознал или ќе го дознам при вршењето на видео надзорот во контролорот, освен ако со закон поинаку не е предвидено.

Потпис

____________________

Прилог 2

Прилог 2

**ПРИЛОГ 3**

Согласно чл. 25 од Законот за заштита на личните податоци („Сл. Весник на РМ" бр. 103/08) контролорот УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ (УАКС), со седиште на ул. Трета македонска бригада бр. 60 Скопје ја води следната

**ЕВИДЕНЦИЈА ЗА ЛИЦА ОВЛАСТЕНИ ЗА ВРШЕЊЕ ВИДЕО НАДЗОР ВО УАКС**

| Ред. бр. | Име и презиме | Работно Место | Датум на издавање на овластува-њето | Рок на важење на овластува-њето | Опис на обемот на овластување за пристап до лични податоци | Начин на пристап | Дел.број на Изјавата согласно чл. 27 од ЗЗЛП |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Соња Филиповска | Офицер за заштита на личните податоци | 30.10.2012 | 31.12.2013 | Прибирање и обработка на податоци преку видео надзор и бришење на стари видео записи | Директен | 02-1281/3 од 30.10.2012 |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |



# Објектот е под видео надзор

Контролор:_________________

Информации:_________________

Прилог 4